

**ОСУМНАЕСЕТТО ПОКЛОНЕНИЕ ВО ЧЕСТ НА 1100 ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ НА СВЕТИ МЕТОДИЈ**

***Единствено во Рим тече постојана река на посетители, кои можат во сите четири годишни времиња да ги разгледуваат монументалните уметнички галерии, споменици од минатото, низ улиците, на плоштадите, во центарот и периферијата на градот. Овој музеј и единствена светска галерија има свој центар, најпосетениот уметнички паметник – црквата „Свети Петар".***

До неа е сместен и Ватикан, со не помалку значајните експонати, канцеларии, голема библиотека. Овде некаде беше и центарот на одржаниот Интернационален славистички конгрес. На славистичкиот конгрес учествуваа научници-слависти од словенски и неословенски земји. Македонската делегација ја сочинуваа четворица научни работници: акад. Петар Илиевски, проф. Радмила Угринова-Скаловска, проф. Вера

Стојчевска-Антиќ и д-р Наум Целаковски.

Во аулата на Универзитетот „*Урбанизам",* каде што се одржуваше Конгресот, беше поставена изложбата „ *Македонска книга*", којашто се состоеше од 200 книги. Насловите се однесуваа на областите: историја, литература, култура, јазик, уметност и наука. Во оваа аула славистите разговараа, ги минуваа паузите од работата и имаа можност да добијат претстава за македонската издавачка дејност. За одредени наслови постоеше и поголем интерес.  Конгресниот комитет изрази благодарност за подарените книги, коишто ќе останат во трезорите на ватиканската библиотека.

Во секцијата литургија-култ-археологија, проф. Јижи Марија Весели говореше за современите културни дострели во Македонија, базирани врз традицијата. Посебно се осврна на значењето на култот, на поширок план, во којшто го вклучи дејствувањето на браќата Кирил и

Методиј. Со длабочината на културниот култ, засведочен во Македонија, треба поблиску да бидат запознати европските и другите народи.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**